Врз основа на член 72, 75 од Законот за основно образование објавен во Службен весник број 161/19 и 229/20 на ден 15.01.2025 година и врз основа на одредбите на Правилникот за оценување, напредување, полагање на испити, видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците во основното училиште, Наставничкиот совет и Училишниот одбор на ООУ„Свети Климент Охридски“- с.Драслајца, Општина Струга, на седницата одржана на ден 15.01.2025 година го донесе следниот

**ПРАВИЛНИК**

**за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за**

**учениците во ООУ„Свети Климент Охридски“- с.Драслајца, Општина Струга**

1. ПОФАЛБИ И НАГРАДИ

Член 1

Со овој правилник се уредуваат видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците во училиштето и се уредува начинот на нивното доделување или изрекување.

Член 2

Со пофалбите и наградите се стимулира развојот на позитивни особини кај учениците, се јакне вербата во сопствените можности и се дава признание за постигнатите резултати со воспитно-образовната дејност.

Член 3

Пофалбите и наградите можат да се доделуваат на ученик, група ученици, ученичка секција, екипа или паралелка во текот или на крајот на наставната година.

Член 4

Ученик се пофалува и наградува ако се истакнува со континуирано залагање и напредување во наставата:

- Континуирано залагање и напредување во наставата;

- Залагање и постигнат успех во слободните ученички активности; (натпревари, литературни, ликовни и други наградни конкурси, изложби, лични трудови и слично).

- Примерно поведение и позитивно однесување во училиштето и надвор од него;

- Залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина ( производствени, хуманитарни, културни др.)

Член 5

Пофалби и награди се доделуваат на паралелка и поединец која особено се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски.

Член 6

Пофалби и награди се доделуваат и на група ученици, секција или екипа која постигнува особени резултати (прво, второ, трето место на натпревари, како и група или секција која постигнува особени резултати во определена активност во училиштето и надвор од него)

Според конкурсот, потребни се:

- Добиени награди на ниво на училиште, општинско ниво, градско, (регионално), државно, меѓународно);

- Потврди за учество;

- Признанија и благодарници;

- Документ со кој што ќе се докаже дека учествувал во слободните ученички активности;

- Доказ за најмал број на изостаноци (доказот го обезбедува комисијата)

- Активности на ниво на ученички организации, детски организации, Црвен крст и друго.....

Член 7

Предлог за пофалби и награди дава раководителот на паралелката, предметниот наставник или стручен соработник. Одлука за награда или пофалба ја донесува

Наставничкиот совет по предлог на Комисијата за пофалби и награди. Комисијата за избор на првенец на генерацијата треба да има пет членови и тоа:

- предметен наставник кој не е класен, а по можност да предава во паралелката,
- одделенски наставник кој не е одделенски раководител на генерацијата,
- стручен соработник,
- ученик,
- родител.

Член 8

Пофалбите се доделуваат усно или писмено. Писмените пофалби се даваат во вид на дипломи, пофалници и признанија. Наградите се даваат во вид на определени вредности што одговараат на нивната педагошка намена (книга, билети за филмска, театарска, спортска и друга кулурно уметничка претстава, платен престој во некое детско одморалиште, платено учество за ескурзија, претплата на весници, списанија, ученички прибор, некој предмет и сл.);

Член 9

Доделување на пофалбите и наградите се врши на свечен начин пред учениците од паралелката, односно училиштето. Денот на свеченоста, односно денот на доделувањето на наградите, го определува Наставничкиот совет.

Член 10

Вообичаеното доделување на пофалбите и наградите се врши на 8 декември, патрониот празник на училиштето, некој друг празник, крајот на полугодието или крајот на наставната година.

## 2. ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈА

Член 11

Од редовните ученици што го завршуваат основното образование, (IX одделение), училиштето може да избира ученици како првенци на генерација.

На крајот на IX одделение училиштето издава диплома за првенец на генерација најмногу на еден ученик.

Член 12

Постапката за избор на првенец на генерација почнува да тече по објавувањето на интерниот конкурс што се истакнува на огласната табла во училиштето и веб страната на училиштето.

Конкурсот по правило се истакнува во првата недела од месец мај и трае 10 работни дена.

Член 13

Предлог на ученик-кандидат за првенец на генерација може да даде: раководител на паралелка, предметен наставник, стручен соработник, директор или учениците.

Член 14

За првенец на генерација може да се кандидира ученик-поединец.

Член 15

Секој предложен ученик, кандидат, е должен до Комисијата за пофалби и награди да донесе пријава и документација предвидена на конкурсот.

Член 16

Комисијата за пофалби и награди ја избира Наставничкиот совет на училиштето.

Член 17

Комисијата за пофалби и награди ја разгледува целокупната документација на пријавените кандидати, ги применува одредбите од член 20 и 21 од овој Правилник, утврдува кандидатска листа за избор на ученик-првенец на генерација со бодовна листа и истата ја доставува до Наставничкиот совет.

Член 18

Одлуката за прогласување на ученик за првенец на генерација, ја донесува Наставничкиот совет на крајот на наставната година.

Член 19

За првенец на генерација може да биде прогласен ученик кој што покажува примерен однос во училиштето и надвор од него:

- покажува континуиран одличен успех по сите наставни предмети,
- постигнува успеси на натпревари, активно учествува во слободните ученички активности, покажува активности во работата на ученичките организации, има освоено награди, дипломи, признанија и сл.

Член 20

- Секој критериум што го исполнува кандидатот за првенец на генерација, Комисијата за пофалби и награди, го вреднува на следниот начин:
- Континуирано примерно поведение од I до IX одделение.........5 бода;
- Континуиран одличен успех од I до IX одделение.....................20 бода;
- За учество во слободните ученички активности по 2 бода за секоја активност, ако тоа се докаже со соодветен документ,
- За добиени награди, дипломи, пофалници, благодарници или признанија во текот на основното образование, ( од прво до деветто одделение).

  - на ниво на училиште

Прво место.................. 4 бода

Второ место .................3 бода

Трето место...................2 бода

Пофалница ................... 1 бод

  - на општинско ниво

Прво место................... 7 бода

Второ место .................6 бода

Трето место..................5 бода

Пофалница .................. 2 бода

  - на градско (регионално) ниво:

Прво место.................. 9 бода

Второ место .................8 бода

Трето место..................7 бода

Пофалница .................. 3 бода

- на државно ниво

Прво место ................... 12 бода

Второ место..................10 бода

Трето место...................9 бода

Пофалница ................... 4 бода

- на меѓународно ниво

Прво место................. 20 бода

Второ место ................15 бода

Трето место.................13 бода

Пофалница ................. 7 бода

За учество на индивидуални/групни натпревари од неакредитирани здруженија, сојузи, клубови се бодира збирно еднаш без разлика на вкупниот број од дадената категорија:

Прво место...........3 бода

Второ место......... 2 бода

Трето место......... 1 бод

Пофалница или благодарница ........ 0.5 бода

За одговорна улога во активностите на одделенската заедница, детската организација, организацијата на Црвениот крст или друга организација на учениците, на ученикот му се доделуваат по 2 бода за активноста во секоја подинечно во која постигнал одредени резултати.

Член 21

Учениникот што е прогласен за првенец на генерација добива посебна диплома, а во зависност од можностите на училиштето и некоја вредна награда. Истата му се врачува на денот на доделување на сведителствата за завршено основно образование.

## 3. ПЕДАГОШКИ МЕРКИ

Член 22

- Педагошките мерки на учениците се применуваат за следните случаи:
- Нередовно посетување на наставата: доцнење, бегање, континуирано непосетување на наставата;
- Нарушување на правилата во однесување кон другите ученици, наставници и возрасните;
- Вербални навреди, физички напад, уништување на прибор, одземање на финансиски средства;
- Неправилен однос кон училишниот имот: оштета на клупи, ѕидови, прозори, штекери, компјутери, нагледни средства, прекинувачи на електрична енергија....
- Попречување на воспитно-образовната работа во паралелката и училиштето, движење по ходниците за време на наставата, користење на мобилни телефони за време на наставата и друго.

Член 23

Пред изрекување на секоја педагошка мерка, претходи разговор со ученикот, родителот или старателот на ученикот. Разговорот најпрво е должен да го води раководителот на ученикот, предметниот наставник, а потоа стручниот соработник или директорот на училиштето.

Член 24

Педагошки мерки се:

- Усна опомена;
- Писмена опомена;
- Укор; (неодобрување на постапка)
- Преместување на ученикот во друга паралелка;

- Намалување на поведението;

Член 25

Кон учениците од I до V одделение, се применуваат педагошки мерки од точките 1 и 2 од членот 24 и нив ги изрекува одделенскиот наставник на паралелката.

Член 26

Педагошки мерки од член 24 за учениците од VI до IX одделение ги изрекува:

1. Усна опомена-раководител на паралелката;
2. Писмена опомена-раководител на паралелка;
3. Укор-раководител на паралелка, Одделенскиот совет, Наставничкиот совет или директорот на училиштето;
4. Преместување на ученик во друга паралелка-Одделенскиот совет, Наставничкиот совет или директорот на училиштето;
5. Намалување на поведението-Одделенскиот совет, Наставничкиот совет или директорот на училиштето;

**Педагошка мерка усна опомена**

Усна опомена од раководител на паралелката се изрекува во случај кога ученикот е три пати евидентиран во графата забелешки во електронскиот дневник поради нарушување на воспитно образовниот процес

- непочитување на кодексот на однесување на учениците

- непочитување на кодексот на облекување

- нарушување на работната атмосфера на часот ( зборување на час, свиркање со уста, шарање по клупа, вербално расправање со наставник,вулгарно однесување кон соученик или наставник на час/одмор,користење мобилен телефон на час без дозвола на натавник

- користење недозволиви извори на податоци за препишување при тест, писмена задача, писмена работа

- валкање на училишниот простор и околината (фрлање отпад надвор од корпите за отпадоци)

**Педагошка мерка писмена опомена**

Писмена опомена од раководител на паралелката се изрекува во случај кога ученикот е пет пати евидентиран во графата забелешки во електронскиот дневник поради нарушување на воспитно образовниот процес

- Зборување на часот и после изрекување на усната опомена
- Валкање на училишниот простор и околината
- Фрлање отпад вон корпите за отпадоци
- Оштетување на училишниот инвентар (шкратње по клупи и ѕидови)
- Користење на мобилен телефон за време на часот
- Несоодветно комуницирање преку социјални мрежи ( упатување навреди, објавување недолични натписи и објавување фотографии од друго лице без дозвола)
- Прикривање на ученици кои не припаѓаат на паралелката од страна на дежурните ученици.

Во случај на организирано бегање од часови од страна на една паралелка се изрекува писмена опомена од раководителот на паралелката, доколку истата паралелка го повтори делото педагошките мерки продолжуваат во континуитет, постапно. Ако некои од учениците кои учат во таа паралека претходно имаат некоја педагошка мерка, кај нив ќе биде запишана следната.

**Педагошка мерка УКОР**

Усна опомена од раководител на паралелката се изрекува во случај кога ученикот е седум пати евидентиран во графата забелешки во електронскиот дневник поради нарушување на воспитно образовниот процес

- Предизвикување неред, создавање бука, довикување на часот
- Внесување или конзумирање на цигари и алкохол во училишниот двор и зграда
- Злоупотреба на мобилни телефони и други уреди во текот на наставата поради фотографирање и снимање недозволиви содржини
- Поттикнување на други ученици на неприфатливо однесување

- Вознемирување на учениците или вработените во училиштето преку упатување на недолични или навредливи зборови
- Вршење сајбер насилство (континуирано вршење притисок преку користење на социјални мрежи, неодобрено објавување на фотографии и видео записи со недолична содржина направена во училиште)
- Изнудување пари или други предмети од ученици
- Крадење на училишен, ученички или личен имот на наставници
- Поттикнување на говор на омраза, политичко и верско организирање и дејствување
- Внесување на оружје и опасни предмети во училиштето и училишниот двор

**Педагошка мерка Преместување во друга паралелка**

Се изрекува при повторување на постапките за кои има изречено педагошка мерка укор и во случај кога ученикот ќе стори некоја од следниве постапки

- Попречување на воспитно образовната работа со што е оневозможена понатамошна реализација
- Континуирана повреда на достоинството на други лица со омаловажување или ширење на лаги и невистини
- Поттикнување и внесување неовластени лица во училишниот двор кои прават штета на лица или имот во училиштето
- Намерно уништување и нанесување поголема штета на училишната сала и двор
- Предизвикување и поттикнување насилно однесување

**Педагошка мерка Намалено поведение**

- Се изрекува педагошка мерка намалено поведение на добро при повторување на постапките за кои ученикот има изречено педагошка мерка преместување во друга паралелка, како и во случај на
- Внесување или конзумирање психоактивни супстанци во училишниот двор или зграда
- Кражба од потежок карактер (обивање, провалување)
- Внесување на оружје и опасни предмети во училиштето и училишниот двор

- Напад кој резултира со тешки физички повреди кон други лица

Педагошката мерка намалено поведение на **незадоволително** при повторување на постапките за кои ученикот има педагошка мерка преместување во друга паралелка и намалено поведение на **добро.**

Член 27

Во случај на организирано бегање од часови од страна на едно одделение се изрекува следнава педагошка мерка:

- Писмена опомена од раководител на паралелка,

Доколку на истото одделение му се случи истиот настан, педагошките мерки продолжуваат во континуитет, постапно. Ако некои од учениците, кои учат во тоа одделение, претходно имаат добиено некоја педагошка мерка, кај нив ќе биде запишана следната педагошка мерка.

Член 28

За секоја изречена педагошка мерка се известува ученикот, неговиот родител или старател. За изречените педагошки мерки од член 26 точка 3, 4 и 5 од овој Правилник, родителот има право да поднесе приговор до Училишниот одбор во рок од 5 дена од денот на известувањето на изречената педагошка мерка.

Член 29

Изречените педагошки мерки се евидентираат во соодветна педагошка документација, а евиденцијата ја врши стручниот соработник во училиштето.

Член 30

Изречените педагошки мерки од член 26 од точка 1 до точка 3 од овој Правилник важат најдолго до крајот на учебната година во која се изречени. Кога ќе настанат позитивни промени кај ученикот, изречената педагошка мерка-намалување на поведението се повлекува односно укинува.

Член 31

Секое изостанување или задоцнување на ученикот на наставен час се регистрира како оправден или неоправдан изостанок во одделенскиот дневник.

Член 32

Ученикот е должен точно да ги каже причините за изостанувањето од наставата. Образложение на причините може да даде предметен наставник, родител или старател на ученикот. Ако причината на изостанувањето се регулира со лекарска белешка. Причината за изостанувањето може да се регулира најдоцна во рок од 7 дена од денот на изостанувањето.

Член 33

Родителот е должен секое изостанување на ученикот од наставата да го извести одделенскиот раководител на ученикот. Известувањето треба да го стори благовремено или истиот ден кога ученикот е отсутен од настава.

Член 34

Изостаноците на ученикот ги регулира (оправдува или неоправдува), раководителот на паралелката.

Член 35

Секој ученик кој оправдано ќе задоцни на наставен час може да присуствува на истиот со образложение за задоцнувањето. Неоправдано задоцнување нема да се толелира и истото се санкционира согласно одредбите на овој Правилник.

Член 36

Изостаноците на ученик за еден ден може да го одобри раководителот на паралелката со поднесено барање од родителот  или старателот на ученикот. Ако ученикот е болен, причината за изоставувањето се оправдува со лекарска белешка во рок од 7 дена.

Член 37

Изостанувањето на ученик за два или три дена од оправдани причини (учество на натпревари, приредби од државно значење и др.), го одобрува директорот на училиштето со однапред поднесено барање од одделенскиот раководител, родителот или старателот на ученикот и одговорен наставник.

Член 38

Одделенскиот раководител на паралелката може да одобри отсуство на ученикот од настава доколку неговото изостанување родителот/старателот го најави однапред, но не повеќе од 5 (пет) дена во наставната година.

Директорот на училиштето по писмено барање на родител/старател од оправдани причини може да му дозволи на ученикот подолго изостанување од наставата, но не подолго од 30 дена.

Член 39

Наставничкиот совет го разгледува писменото барање, ја оценува причината и донесува Одлука.

Член 40

Ако ученикот е отсутен повеќе денови од наставата, а истиот е на боледување или болничко лекување, родителот (старателот), на ученикот е должен во најкраток временски рок да го запознае раководителот на паралелката.

Родител/старател во текот на учебната година со писмена изјава може да го оправда ученикот најмногу 5 пати, за најмногу два дена отсуство, не последователно.

Член 41

За неоправдано изоставување на ученикот од наставата се изрекуваат следните педагошки мерки:

- Од 10 часа до 15 часа неоправдано отсуство од настава, усна опомена од одделенскиот раководител на паралелката;
- Од 16 часа до 20 часа неоправдани изостаноци, писмена опомена од одделенскиот раководител на паралелката;
- Од 21 час до 30 часа неоправдани изостаноци, (укор) од Одделенски совет, Наставнички совет и Директорот на училиштето

- Од 31 час неоправдани изостаноци, **префрлување на ученикот во друга паралелка** од Одделенски совет, Наставнички совет и Директорот на училиштето
- Од 31-40 неоправдани изостаноци, намалување на **поведението од примерно на добро** од Одделенски совет, Наставнички совет и Директорот на училиштето
- Од 41-50 неоправдани изостаноци, намалување на **поведението од примерно на незадоволително** од Одделенски совет, Наставнички совет и Директорот на училиштето.

Ученикот кој од кој било причини континуирано не ја следи редовната настава (една третина од вкупниот број на наставни часа), а нема елементи за изведување годишна оцена, полага одделенски испит на годината. Оправданоста за причините ја оценува Наставничкиот совет.

Член 42

Раководителот на паралелката е должен однапред да го извести ученикот и неговиот родител или старател со Одлука на Наставничкиот совет дека ученикот ќе полага одделенски испит на годината по одделни наставни предмети или сите наставни предмети.

Член 43

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на огласна табла и на веб страната на училиштето во училиштето.

Член 44

Во прилог на правилникот постои и соодветна педагошка документација

- Евидентни листи за изречена педагошка мерка
- Одлука за донесување на педагошка мерка
- Записник од разговор
- Одлука за тим за поддршка на ученикот

**Правилникот го изготви тим во состав:**

Катерина Спасеска-педагог

Сања Котевска Клечакроска-предметен наставник

Јованка Спасеска -одделенски наставник

Мирче Лазоровски – предметен наставник

Мирослав Размоски-директор

## ПРИЛОЗИ

Врз основа на член 72 од Законот за основно образование објавен во Службен весник број 161/19 и 229/20 на ден 05.08.2019 година и член 26 од интерниот правилник за педагошки мерки за учениците во ООУ „Свети Климент Охридски“ – с.Драслајца, Општина Струга одделенскиот наставник/раководител изрекува.

**Педагошка мерка усна опомена**

на ученикот ________________________________________________од ________ одделение

поради:

1.Нередовно посетување на училиштето

2.Нарушување на правилата на однесувањето кон другите ученици и наставници

3.Неправилен однос кон училишниот имот

4.Попречување на воспитно образовната работа во паралелката и училиштето

Родителот/старателот___________________________________________________на ученикот/ученичката_______________________________________ од _________ одделение е известен и запознат со изречената педагошка мерка и причините кои довеле до неа.

Струга

_____________________________ ___________________

Одделенски наставник/раководител Родител

Врз основа на член 72 од Законот за основно образование објавен во Службен весник број 161/19 и 229/20 на ден 05.08.2019 година и член 26 од интерниот правилник за педагошки мерки за учениците во ООУ „Свети Климент Охридски“ – с.Драслајца, Општина Струга одделенскиот наставник/раководител изрекува.

**Педагошка мерка писмена опомена**

на ученикот _______________________________________________од _______одделение

поради:

1. Нередовно посетување на училиштето
2. Нарушување на правилата на однесувањето кон другите ученици и наставници
3. Неправилен однос кон училишниот имот
4. Попречување на воспитно образовната работа во паралелката и училиштето

Родителот/старателот__________________________________________________ на ученикот/ученичката____________________________________ од _________ одд. е известен и запознат со изречената педагошка мерка и причините кои довеле до неа.

Струга

Одделенски наставник/раководител                                 Родител

__________________________                                 _________________

Врз основа на член 72 од Законот за основно образование објавен во Службен весник број 161/19 и 229/20 на ден 05.08.2019 година и член 26 од интерниот правилник за педагошки мерки за учениците во ООУ „Свети Климент Охридски“ – с.Драслајца, Општина Струга на Наставнички совет одржан на ___________________ година донесе:

**ОДЛУКА**

За изрекување педагошка мерка _____________________________________________________

на ученикот _________________________________________________од _______ одделение

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Педагошката мерка на ученикот му се изрекува поради:

1. Нередовно посетување на училиштето

2. Нарушување на правилата на однесувањето кон другите ученици и наставници

3. Неправилен однос кон училишниот имот

4. Попречување на воспитно образовната работа во паралелката и училиштето

ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе приговор до Училишниот одбор во рок од 7 дена од денот на приемот на одлуката.

Струга, ___________година

Примил родител                                        Директор

___________________________                    __________________

Врз основа на член 72 од Законот за основно образование објавен во Службен весник број 161/19 и 229/20 на ден 05.08.2019 година и член 26 од интерниот правилник за педагошки мерки за учениците во ООУ „Свети Климент Охридски“ – с.Драслајца, Општина Струга одделенскиот наставник/раководител на ден __________________ година, изготви.

**ЗАПИСНИК**

Од разговорот со ученикот __________________________________ од _______ одд. и родителот_______________________________________ воден на ден___________година, поради изречена педагошка мерка ______________________.

Во текот на разговорот на ученикот и родителот им е укажано на последиците што можат да произлезат од непочитувањето на одредбите од Законот за основно образование.

Тимот ги имаше во предвид сите околности што влијаеле ученикот да постапи спротивно на правилата на однесување во училиштето.

При изрекување на педагошката мерка ученикот, родителот и останатите присутни изјавија:

___________________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________________

________________________________

Ученик

Родител

Струга _____________год. М.П Тим за поддршка:

______________________

______________________

______________________

Врз основа на член 72 од Законот за основно образование објавен во Службен весник број 161/19 и 229/20 на ден 05.08.2019 година и член 26 од интерниот правилник за педагошки мерки за учениците во ООУ „Свети Климент Охридски“ – с.Драслајца, Општина Струга, директорот на ден ___________________ година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за формирање тим за поддршка**

на ученикот/ученичката ______________________________________ од_______ одд.

на кој/која му/и е изречена педагочка мерка

1. Усна опомена;
2. Писмена опомена;
3. Укор;
4. Преместување на ученикот во друга паралелка;
5. Намалување на поведението;

Тимот за поддршка го сочинуваат:

1. _______________________________ стручен соработник _______________
2. _______________________________ стручен соработник _______________
3. _______________________________ одделенски раководител _____________

Директор

____________________

Мирослав Размоски